Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-454/2

21-08-2023 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ“ бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–454/1 од 07.08.2023 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-454/1 од 07.08.2023 година, поднесена од [redacted] од Арачиново поради ненадлежност.

О б р а з л о ж е н и е

Подносителката во претставката наведува дека нејзини лични податоци се објавени на интернет страна од група со назив Сојуз за заштита на транс-децата на социјалната мрежа „FACEBOOK“, со тоа што и се објавувале нејзиното лично име и презиме и нејзина слика во вид на профилна слика како регистриран корисник на наведената социјална мрежа. Истата, наведува дека сака да се отстранат нејзините лични податоци од страната на групата „Сојуз за заштита на транс-децата“.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од содржината на претставката утврди дека е опишана ситуација и изнесени се дејствија и околности кои се однесуваат на заштита на лични податоци или пак на евентуални повреди кои би можеле да се квалификуваат како кривични дела од областа на сајбер криминалот. Оттука, Комисијата утврди дека за конкретниот случај предвидени се други постапки за заштита во согласност со прописите од областа на кривичната заштита и заштита на лични податоци, за што надлежни се други државни институции, пред се Министерството за внатрешни работи, Основното јавно обвинителство или пак Агенцијата за заштита на лични податоци. Следствено, Комисијата одлучи дека конкретната работа не е во нејзина надлежност.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател,
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на Комисијата